Република Северна Македонија
Општина Сарај
ул.„ Слобода „ Сарај бр. 36 Скопје
тел: 02/2057 990
e-mail: info@saraj.gov.mk

Republika e Maqedonisë së Veriut
Komuna e Sarajit
rr.„ Slloboda „ Saraj nr.36 Shkup
tel: 02/2057 990
e-mail: info@saraj.gov.mk

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonise se Veriut
ОПШТИНА САРАЈ-KOMUNA E SARAJIT
В.Д ГРАДОНАЧАЛНИК - U.D KRYETAR

Бр. / Nr. 06 - 1874/1
21 10 2025 год. / viti

**До: Министерство за Животна Средина и Просторно планирање**

**-Сектор за Просторно планирање**

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина („Сл.весник на РМ" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15 и 39/16), Општина Сарај, на ден 20.10.2025 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена за Општина Сарај**

1. За планскиот документ Локален еколошки акционен план (ЛЕАП), кој го донесува Општина Сарај, донесе одлука дека не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување **односно неспроведување на стратегиска оцена** се објавува на веб страната на Општина Сарај.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно **неспроведување на стратегиска оцена**, донесувањето на планскиот документ Локален еколошки акционен план (ЛЕАП), нема да има влијание врз животната средина од следните причини:

- Општина Сарај нема предвидено поголеми инвестициски проекти кои би имале значително влијание врз животната средина.
- Сите предвидени мерки, односно акции во планот водат до значително подигнување на нивото за здрава и чиста животна средина.
- Планот е на локално ниво, што значи дека е со ограничен обем (вклучува ограничени интервенции

**Deri: Ministria e Për Mjedis jetësorë dhe planifikim hapsinorë.**

**-Sektori për planifikim hapsinorë**

Në bazë të nenit 65 paragrafi (6) nga ligji për mjedis jetësorë (Gz. i RMV nr.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15 dhe 39/16), komuna e Sarajit më datë 20.10.2025 viti, sjell:

Vendim për mos realizim të vlersimit strategjik për Komunën e Sarajit

1.Për plan dokumentin Plani lokal për veprim ekologjik (PLVM), të cilin e sjellë Komuna e Sarajit, sjell vendim se sështë e nevojshme të realizohet vlerësim strategjik për ndikim ndaj mjedisit jetësorë në pajtim me nenin 65 nga Ligji për mjedis jetësorë.

2.Vendimi së bashku me formularët, për nevojën e realizim **në të vërtet për mos realizim të vlersimit strategjik** shpallet në veb faqen e Komunës së Sarajit.

3.Në pajtim me kriteret të asaj se a është e nevojshme një plan strategjik se a ka ndikim ndaj mjedisit jetësorë nga neni 65 paragrafi (4) nga Ligji për mjedis jetësorë dhe në bazë të të dhënunave nga Shtojca 2 e Rregullores për formën, përmbajtjen dhe formularit të vendimit për realizim në të vërtet për **mosrealizim të vlerësimit strategjik**, sjellja e plan dokumentit Planit lokal të veprimit ekologjik (PLVM), nuk ka me pasë ndikim ndaj mjedisit jetësorë për arsyet si në vijim:

-Komuna e Sarajit nuk ka parapa proekte me investime të mdhaja të cilët do të kishin pasë ndikim të theksuar ndaj mjedisit jetësorë.

-Gjitha masat e parapara, në të vërten veprime të planit që do të kontribojnë në ngritjen e mjedisit jetësorë të shëndetshëm dhe të pastërt.
-Plani është në nivel lokal, që don të thotë se ka shtrirje të kufizuar (ngërthen intervenime të kufizuara të cilat nuk do

кои немаат значително влијание врз пошироките еколошки системи),

4. Против ова одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

të kenë ndikim të theksuar ndaj sistemeve ma të gjëra ekologjike.

4.Kundër këtij vendimi ka të drejtë ankese deri te Ministrija e mjedisit jetësorë dhe planifikimit hapsinorë në afat prej 15 ditëve nga dita e shpalljes së vendimit në veb faqe.

Почит/Me respekt,

Përpiloi/ Изготвил

______________________

Nexhat Fazliu

Kontrolloi / Контролирал

____________________

Imer Dervishiu

**ОПШТИНА САРАЈ / KOMUNA SARAJ**
**В.Д. ГРАДОНАЧАЛНИК / U.D KRYETAR**

______________________

***Ilas Veseli***

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
ОПШТИНА САРАЈ В.Д. ГРАДОНАЧАЛНИК * KOMUNA E SARAJIT U.D KRYETAR *
Сарај - Saraj

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот докумет | ЛОКАЛЕН ЕКОЛОШКИ АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ОПШТИНА САРАЈ (ЛЕАП) 2026-2032 г. |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Сарај |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Сарај |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| | |
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Неџат Фазлиу |
| Назив на работното место | Овластен Инспектор за животна средина |
| Контакт податоци за лицето | 071/380-371 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Врз основа на член 60 од Законот за животна средина, Советот на општината, врз основа на оцена на своите специфични состојби и потреби, а во согласност со Националниот план за животна средина, донесува локален еколошки акционен план за животна средина, согласно методологијата за подготовка на ЛЕАП, предложена од Министерството за животна средина и просторно планирање. |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| ДА ☒ НЕ ☐ |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| Се работи за ЛЕАП, кој за прв пат се изработи во Општина Јегуновце. |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65, став 2, од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| Заштитата на животната средина е мулти-секторска област и истата е наведена како посебна точка од член 65, став 2, од Законот за животна средина.<br>Во планскиот документ се опфатени области како што се: воздух и климатски промени, заштита на води, управување со отпад, почва, биодиверзитет и природно наследство, шумарство, просторно и урбанистичко планирање. |

| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) | | | |
|---|---|---|---|
| ДА ☒<br>НЕ ☐ | Член: 3 | Точка: 14<br>Национален акционен план за животната средина и на локалните акциони планови за животната средина | Алинеја:<br>/ |

| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. |
|---|
| НЕ |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
| НЕ |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |
| Главната цел на изработка на ЛЕАП е да се одреди состојбата на животната средина во сите тематски области (урбан развој, емисиите во воздухот и воздухот, управување со отпад, управување со води, бучава, почва и земја, природа / природно и културно наследство).<br>Главна цел на Локалниот акционен план за животна средина е заштита и унапредување на животната средина преку решавање на актуелните еколошки проблеми на територијата на општина Сарај. |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Заштита на животната средина |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| Локалниот еколошки акционен план се донесува за период од шест (6) години (2026-2032г) |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| По истекот на предвидениот плански период, после 6 години |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Планскиот документ се однесува за цела територија на општина Сарај |




**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

ДА ☒

НЕ ☐

- Заштита на воздухот од загадување и за подобрување на квалитетот на воздухот;
- Снабдување со квалитетна вода за пиење во доволни количини;
- Заштита на водите од загадување, пречистување на отпадните води, прогресивно намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни супстанции во водите и за ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода;
- Интегрирано управување со отпад;
- Заштита од бучава и вибрации настанати како резултат на стопанските и на другите дејности и активности;
- Одржлив урбан развој и просторно планирање;
- Подобрување и развој на локалниот јавен транспорт и сообраќајот на подрачјето;
- Зголемување на енергетската ефикасност и искористување на обновливи извори на енергија;
- Развој на еколошко-културниот туризам и неговото влијание врз животната средина;
- Заштита на биодиверзитетот;
- Одржливо управување и користење на природните богатства;
- Подигање на јавната свест и развој на образованието за заштита и унапредување на животната средина;
- Управување со последиците од економскиот развој врз животната средина и

| |
|---|
| – Зајакнување на капацитетите нанадлежните субјекти за спроведување на одделните елементи на планот. |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| ДА ☐<br>НЕ ☒ |
| **Резиме на влијанијата врз животната средина (Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)** |
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**<br>Спроведување на Локалниот еколошки акционен план на територијата на Општина Сарај ќе резултира со:<br>– Информирање на јавноста за постојаните проблеми од областа на животната средина во општината,<br>– Подигање на јавна свест за заштита на животната средина во сите сегменти,<br>– Создавање услови и локални капацитети за идни инвестиции за решавање на проблемите од областа на животната средина,<br>– Воспоставена структура за соработка помеѓу секторите во Општина Сарај,<br>– Развиена соработка помеѓу општината и јавните претпријатија, бизнис заедницата и граѓанските организации |

| | |
|---|---|
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Локалниот еколошки акционен план на Општина Сарај има за цел да ги дефинира стратешките цели за заштита на животната средина и да ги одреди најважните програми и проекти кои ќе овозможат ефикасна заштита на животната средина и природата паралелно со обезбедување на економски развој, престанок на миграцијата и поефикасно искористување на претпристапните фондови на ЕУ. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Имплементацијата на мерките ќе предизвика позитивно влијание врз животната средина и животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Нема |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);** | Нема |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).** | Површината на Општина Сарај изнесува 241 $км^2$ на која кравитираат 24 населени места, од кои 7 населби спаѓаат во групата на планински населби и 17 рамничарски населби со вкупен број на жители од 38399, поделени во 10658 домаќинства. |

| |
|---|
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** |

| | |
|---|---|
| Реализацијата на планскиот документ ќе има позитивен ефект во контекст на заштита на животната средина и економските и социјалните влијанија. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** | |
| Областа со реализација на ЛЕАП документот ќе добие зголемена вредност од аспект на одржливо користење на природните ресурси и рамномерен развој.<br>Територијата на општина Сарај е рурална-урбана средина и се соочува со ниски буџетски средства. На својата територија нема значителни индустриски капацитети. Земјоделието и сточарството како гранка до пред скоро време беше развиено на високо ниво, но со секоја измината година се намалува како резултат на ниските откупни цени за домашните производи, и сето тоа дополнително ја отежнува состојбата за развој на општината. Овие предизвици резултираат со нагло иселување на младите од општината, се со цел потрага за подобри услови за живот вклучително и чиста животна средина, како основни човекови права и потреби за секојдневен нормален живот.<br>Со донесувањето и реализацијата на ЛЕАПот кој се однесува на целата област на Општина Сарај, се очекува да во голема мера се придонесе кон еколошки добра животна средина, но во исто време ќе се создаде основа за нов развој и вработување во руралните капацитети. Во иднина, развојот на руралните области ќе се потпира се повеќе и на другите области од економијата како на пример туризмот и одржливите извори на енергија. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство:** | Важна карактеристика на овој регион е што дел на Општина Сарај е лоцирана во Кањњонот Матка кој изобилува со природни реткости од аспект на флората и фауната, пештери. Фауната во овој регион е автохтона до релативно ендемична.<br>На подрачјето на Матка исто така постојат видови на пеперутки (највисока разновидност во Европа), лилјаци. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности:** | Донесувањето на ЛЕАП-от може да има позитивно влијание врз квалитетот на животната средина, квалитетот на површинските и подземните води, амбиентниот воздух, квалитетот на почвата и управувањето со отпад. |
| **Интензивна употреба на земјиштето:** | Земјоделството и шумарството и понатаму ќе бидат главна дејност во руралните средини. Новитет е дека со примена на агро-еколошки мерки ќе се обезбеди еколошки добра животна средина, но во исто време ќе се создаде основа за нов развој и вработување во руралните капацитети. Во иднина, развојот на руралните области ќе се потпира се повеќе и на другите области од економијата како на пример туризмот и енергијата. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја:** | Овој документ ќе има позитивно влијание врз областите и пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. |

| |
|---|
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:** |
| Локалниот еколошки акционен план на Општина Сарај има за цел да ги дефинира стратешките цели во областа на заштитата на животната средина и да ги одреди најважните програми и проекти кои ќе овозможат ефикасна заштита на животната средина, брз социјален и економски развој, престанок на миграцијата и поефикасно искористување на претпристапните фондови на ЕУ.<br>Економскиот и социјалниот развој на Општина Сарај во иднина треба да се заснова на одживо користење на природните ресурси и рамномерен развој на урбаните и руралните области. Можности за економски развој се развојот на алтернативен туризам како најбрзо растечка гранка во туристичката индустрија, земјоделството и преработувачката индустрија. |
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):** |
| Општина Сарај во овој момент сеуште ги нема утврдено локациите на кои што би се реализирале предвидените проекти. Пред почеток на донесување на одлуките ќе се води сметка тоа да бидат локации кои одговараат на проектот во контекст на зачувување на животната средина. Исто така во предвид мора да се земе и тоа што дел од Општина Сарај е лоцирана во 1 заштитната зона на изворот Рашче. |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одрживиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одрживоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).** |
| Во ЛЕАПот мерките за заштита и унапредување на природата ќе придонесат за намалување на притисоците и загубите на геодиверзитетот и биолошката разновидност преку интегрирање на геодиверзитетот и биолошката разновидност, подобрени практики за управување во земјоделството и шумарството и примена на мерки за заштита на медиумите од животната средина што ќе резултира со зачувување на природата, одржување на екосистемските услуги и намалување на влијанието врз животната средина. |
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)?** |
| Примена на мерките од Локалниот еколошки акционен план ќе придонесат за директно или индиректно намалување на притисоците и заканите врз животната средина, подобрување на начинот на управување со отпадот, културното наследство како и здравјето на населението. |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.** |

**Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Локалниот еколошки акционен план (ЛЕАП) за Општина Сарај е поврзан со:

- Просторен план на РМ
- Национален акционен план за животна средина
- Национален план за управување со отпад
- Втор Национален Еколошки Акционен План
- Национална стратегија за одржлив развој

Целите на сите наведени плански документи се усогласени со Локалниот еколошки акционен план.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

За реализација на системот за заштита на животната средина потребно е да се почитува:

- Селектирано и организирано депонирање на отпадот,
- Уредување и озеленување на дворните површини,
- Изградба на современа инфраструктура,
- Загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина како пред оштетувањето,
- Доследно спроведување на предвидените мерки во ЛЕАП документот.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

При спроведување на предвидените мерки од локалниот еколошки акционен план на општина Сарај за дел од активностите ќе биде потребна подготовка на план или проект за кои ќе се изработуваат извештаи за стратегиска оцена за животна средина, студии за оцена на влијанието на проектот врз животната средина или елаборат за заштита на животната средина на ниво на проектна документација, барање за А или Б дозволи за интегрирано спречување и контрола на загадувањето, со посебен осврт на анализите кои се однесуваат на населението (социо-економски аспект), здравје на населението, воздух и клима, почва, вода, биодиверзитет, природно и културно наследство, материјални добра, почва, отпад, бучава и сл. Сите можни влијанија ќе се анализираат во подготвителна, конструктивна и оперативна фаза и ќе се предвидат мерки за нивно намалување или избегнување.

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се вистинити, точни и комплетни. |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | ГРАДОНАЧАЛНИК<br>Илас Весели |

| | |
|---|---|
| **Датум**<br><br>**Место** Сарај | **М.П.** |